**Република Македонија**
**бр. ___________________**
**_________ Скопје**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Име на материјалот: **Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем за финансирање на проектот "Рехабилитација на шест хидронергетски централи", кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ**

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:

- Мислење од Секретаријатот за законодавство
- Образец за фискални импликации и Образец за проценка на влијание на регулативата
- Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија за финансиска соработка за 2009 година за "Програмата за енергетска ефикасност и обновливи енергии фаза II"
- Договор за гаранција за проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и КфВ (на македонски и англиски јазик)
- Договорот за заем за проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" меѓу АД ЕЛЕМ и КфВ (на македонски и англиски јазик)
- Договорот за имплементација на проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" меѓу АД ЕЛЕМ и КфВ (на македонски и англиски јазик)

| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје,_____.06.2010 година | | **ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА**<br>**И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**<br>**м-р Зоран Ставрески** |
|---|---|---|

Изработил: Ленче Божиноска
Согласен: м-р Андрија Алексоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем за финансирање на проектот “Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ

_______________________________
м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, јуни 2010 година

Во врска со Предлогот на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем за финансирање на проектот “Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ, се предлага Владата на Република Македонија да ги усвои следните Предлог заклучоци:

- Владата го разгледа Предлог-законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем за финансирање на проектот „Рехабилитација на шест хидронергетски централи“, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ и го утврди со заклучок, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието на Република Македонија.

- За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик на министерот за финансии, а за повереник Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

- Се задолжува Владата на Република Македонија по усвојувањето на Предлог-законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем за финансирање на проектот “Рехабилитација на шест хидронергетски централи“ од страна на Собранието на Република Македонија, да издаде овластување на м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии за потпишување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија за финансиска соработка за 2009 година за “Програмата за енергетска ефикасност и обновливи енергии фаза II“.

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи", кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ, што го утврди на седница _____________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Во периодот 1999-2004 година се реализираше првата фаза од проектот "Рехабилитација на хидроенергетски централи" во Република Македонија со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светската банка. Причината за приоритетноста на овој проект, произлегува од фактот, што при првата фаза на рехабилитацијата која според предвиденото беше комплетно и сеопфатно реализирана, беа издвоени одредени активности, кои треба исто така да се реализираат со цел да се обезбедат максимални придобивки од проектот како целина, а за кои недостасуваа средства.

Со проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" опфатени се активности поврзани со рехабилитација/замена на електричната и хидро-механичката опрема како и некои неопходни градежни работи на хидроенергетските централи: ХЕЦ Глобочица, ХЕЦ Тиквеш, ХЕЦ Вруток, ХЕЦ Равен, ХЕЦ Врбен и ХЕЦ Шпиље.

Финансиската конструкција за реализација на овој проект предвидува средства во износ од 31.887.000 евра од два извори:

–Заем од СР Германија во износ од 27.100.000 евра и

–АД ЕЛЕМ ќе обезбеди средства во износ од 4.787.000 евра.

На 142-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 07.04.2008 година го усвои Позитивното мислење за барањето на согласност за поведување на постапка за добивање на заем обезбеден со државна гаранција на АД ЕЛЕМ за финансирање на проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи", обезбеден од страна на Кредитната банка за обнова - КфВ. Владата на Република Македонија на 5-та седница, одржана на 12.08.2008 година ја усвои Информацијата за обезбедување на заем во износ од 27.100.000 ЕВРА за финансирање на овој проект на АД ЕЛЕМ со што донесе одлука за отпочнување на преговори со КфВ за обезбедување на потребниот заем.

Со средствата од заемот ќе се финансираат следните активности:

1. Рехабилитација/замена на електричната опрема:
   - Мониторинг на браната и инструменти за сите брани;
   - Електричната опрема на ХЕЦ Вруток;
   - Електричната опрема на ХЕЦ Равен.
2. Рехабилитација/замена на хидро-механичката опрема:
   - Хидро-механичката опрема на ХЕЦ Вруток;
   - Хидро-механичката опрема на ХЕЦ Равен;
   - Хидро-механичката опрема на ХЕЦ Врбен.
3. Градежни работи:

- Градежните работи во и поврзани со ХЕЦ Вруток;
- Градежните работи во ХЕЦ Шпиље.

4. Консултантски услуги.

Концептот на проектот предвидува ангажирање на консултант кој ќе обезбеди помош и поддршка на АД ЕЛЕМ при извршување на следните активности: подготовката на почетниот извештај, временски распоред и план за работа на проектот, подготовка на тендерската документација, во спроведувањето на постапката за предквалификација на потенцијалните понудувачи, евалуацијата на понудите, надгледување и следење на проектот, изготвување на извештаи за напредокот на проектот и сеопфатен финален извештај за проектот.
Трошоците за услугите на консултантот во износ од 1.500.000 евра ќе бидат платени од заемот.

Со средствата кои ги обезбедува АД ЕЛЕМ ќе се финансираат следните градежни работи:

- Рехабилитација на каналот на Горна Радика;
- Рехабилитација на тунелот Тољане;
- Рехабилитација на доводниот канал Шарски води;
- Зголемување на брегот на браната Леуново.

Согласно Протоколот од разговорите за развојно-политичка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија, потпишан на 14 октомври 2009 година во Скопје, Владата на СР Германија за реализација на проекти во рамките на тежиштето "Енергетска ефикасност и обновливи енергии" обезбеди 60.000.000 евра. Дел од овие средства во износ од 27,1 милион евра е наменет за овој проект. За намената на останатиот дел од средствата, дополнително ќе биде предложен посебен закон за задолжување/ гаранција до Собранието.

Согласно член 1 став 2 од Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија за техничка соработка, склучена на 9 јули 1999 година во Скопје, за горенаведениот износ обезбеден од германската страна, треба да се склучи Спогодба за финансиска соработка за 2009 година за проектите од тежиштето "Енергетска ефикасност и обновливи енергии" меѓу Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Македонија, со која ќе се утврди заедничката концепција за проектите, нивната цел, придонесите на договорните страни, задачите и организационата поставеност на учесниците како и времетраењето на реализацијата на проектите. Текстот на Спогодбата за финансиска соработка е даден во прилог.

Согласно, одржаните преговори со КфВ за обезбедување на потребните средства за реализацијата на проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" (27.100.000 евра), усогласени се нацрт-текстовите на следните договори:

- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија

претставувана од Министерството за финансии и Кредитната банка за обнова – КфВ;

- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу АД ЕЛЕМ и Кредитната банка за обнова– КфВ; и
- Договорот за имплементација на проектот “Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“ меѓу АД ЕЛЕМ и Кредитната банка за обнова – КфВ.

Сите наведени договори се во прилог на овој материјал.

Согласно став 4, член 22 од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ бр. 62/05 и 88/08), во име на Република Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за гаранција.

Оттука, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот “Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕЛЕМ, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Причината за приоритетноста на овој проект, произлегува од фактот, што при првата фаза на рехабилитација која според предвиденото беше комплетно и сеопфатно реализирана, беа издвоени одредени активности, кои треба исто така да се реализираат со цел да се обезбедат максимални придобивки од проектот како целина, а за кои недостасуваа средства.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е: обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на втората фаза од проектот “Рехабилитација на хидроенергетски централи“.

Оттука, Република Македонија и Кредитната банка за обнова - КФВ ќе склучат Договор за гаранција на АД ЕЛЕМ по проектот “Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“, додека Кредитната банка за обнова - КФВ и АД ЕЛЕМ, ќе склучат Договор за заем по истоимениот проект, во износ од 27.100.000 евра.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупните финансиски средства потребни за реализација на проектот “Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“ изнесуваат 31.887.000 евра од кои 27.100.000 евра ќе бидат обезбедени со заем од Кредитната банка за обнова – КфВ а остатокот на финансиски средства во износ од 4.787.000 евра ќе ги обезбеди АД ЕЛЕМ.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА

МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон
за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи", кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ за проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" во износ од 27.100.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ за проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи".

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од 5 години.

Каматната стапка е варијабилна каматна стапка, 6 месечен ЕУРИБОР минус 0,3% годишно и истата нема да биде помала од 0%. Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставување на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на АД ЕЛЕМ.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември.

Член 5

Пред првото повлекување на средства од заемот се плаќа еднократна провизија на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 0,5% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво се плаќа провизија на Кредитната банка за обнова – КфВ, во износ од 0,25% од износот на заемот.

Провизијата од ставот 2 од овој член се плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На обврските поврзани со заемот кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

Во случај на ненавремено или нецелосно повлекување на средствата од заемот до предвидениот рок, ќе се плати определен износ на средства како надомест на трошоците на Кредитната банка за обнова – КфВ, согласно договорот од член 1 на овој закон.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ се обврзуваат да склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Средствата предвидени за реализација на овој проект, изнесуваат 31.887.000 евра, од кои средства во износ од 4.787.000 евра ќе бидат обезбедени од АД ЕЛЕМ, додека 27.100.000 евра ќе бидат финансирани со заем од страна на Кредитната банка за обнова – КфВ. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

За таа цел, ќе се склучат следните договори:

- Спогодба меѓу Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Македонија за за финансиска соработка за 2009 година,
- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Кредитната банка за обнова – КфВ за проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" и
- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу АД ЕЛЕМ и Кредитната банка за обнова – КфВ;
- Договорот за имплементација на проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" меѓу АД ЕЛЕМ и Кредитната банка за обнова – КфВ
- За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Со цел склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, потребно е да се донесе Закон за издавање на државна гаранција согласно постапката за издавање на државна гаранција утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05 и 88/08).

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ по проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" во износ од 27.100.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од 5 години. АД ЕЛЕМ заемот ќе го отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 30 јуни и 30 декември секоја година, започнувајќи од 30 декември 2015 година, а завршувајќи на 30 јуни 2025 година.

Каматната стапка е варијабилна каматна стапка, 6 месечен ЕУРИБОР минус 0,3% и истата нема да биде помала од 0%. Во моментот каматната стапка изнесува 0,69% годишно. Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на

денот на доставување на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на АД ЕЛЕМ.

Доколку 6 месечниот ЕУРИБОР порасне над 6,5%, КфВ ќе пристапи кон конверзија на каматната стапка од варијабилна во фиксна каматна стапка.

По целосно повлекување на средствата од заемот, АД ЕЛЕМ согласно Договорот за заем може да достави Барање до КфВ за конвертирање на каматната стапка од варијабилна во фиксна каматна стапка (Анекс 2 од Договорот за заем). Ова барање КфВ треба да го прими 15 дена пред бараниот датум на конверзија од страна на АД ЕЛЕМ. 4 дена пред бараниот датум на конверзија КфВ ќе достави Известување до АД ЕЛЕМ за индикативната каматна стапка која може да се примени за отплата на заемот. Износот на индикативната каматна стапка, КфВ го одредува врз основа на условите на пазарот на капитал за долгорочни заеми кои се прифатени од страна на Европската монетарна унија. Доколку АД ЕЛЕМ по добиеното известување го потврди своето барање за конверзија на каматната стапка најдоцна 3 дена пред бараниот датум за конверзија, КфВ ќе пристапи кон бараната конверзија и повратно ќе го извести АД ЕЛЕМ за износот на фиксната каматна стапка. Доколку АД ЕЛЕМ не го потврди своето барање за конверзија најдоцна 3 дена пред бараниот датум за конверзија, КфВ нема да ја конвертира каматната стапка во фиксна, односно заемот ќе се отплаќа по веќе договорената варијабилна каматна стапка.

Во случај, АД ЕЛЕМ да ја одбие веќе направената конверзија на каматната стапка од старана на КфВ, согласно член 4.1 ц) ее) од Договорот за заем, АД ЕЛЕМ ќе треба да и плати провизија на КфВ.

Провизии: Пред првото повлекување на средства од заемот АД ЕЛЕМ ќе плати еднократна провизија на КфВ во износ од 0,5% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво ќе се пресметува провизија на КфВ во износ од 0,25% од износот на заемот.

АД ЕЛЕМ провизијата ќе ја плаќа полугодишно и тоа на 30 јуни и 30 декември секоја година.

На обврските поврзани со заемот кои нема да се платат во предвидените рокови, АД ЕЛЕМ ќе плаќа казнена камата или надомест, во висина на базичната каматна стапка на Централната банка на СР Германија, зголемена за 3% годишно.

Во случај на нецелосно повлекување на средствата од заемот до предвидениот рок АД ЕЛЕМ ќе плати определен износ на средства како надомест на трошоци на Кредитната банка за обнова – КфВ, во висина утврдена во Договорот за заем.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на проектот “Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови

под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Првата фаза од проектот за рехабилитација на хидроенергетски централи, која беше финансирана со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, според предвиденото беше комплетно и сеопфатно реализирана. При тоа, беа издвоени одредени активности за кои се цени дека треба исто така да се реализираат со цел да се обезбеди максимална добивка од проектот како целина, и за кои активности недостасуваа средства.

Основни придобивки од целосната реализација на проектот за рехабилитација на хидроенергетски централи во Република Македонија се:

1. Зголемување на инсталираната моќност кај сите хидро електрани;
2. Зголемување на производството на електрична енергија;
3. Намалување на трошоците за ремонт и тековно одржување и
4. Одржливост на проектот.

Средствата предвидени за реализација на овој проект, изнесуваат 31.887.000 евра, од кои средствата во износ од 4.787.000 евра ќе бидат обезбедени од АД ЕЛЕМ, додека 27.100.000 евра ќе бидат финансирани со заем од страна на Кредитната банка за обнова – КфВ. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ по проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" во износ од 27.100.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем, наменет за финансирање на проектот „Рехабилитација на шест хидроенергетски централи", кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ | 2. Министерство / орган на државна управа : Министерство за финансии |

| | |
|---|---|
| 3. Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства за финансирање на проектот „Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“ | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот „Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ |
| 5. Контакт лице и звање:<br>г-ѓа Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии | 6. Контакт тел./ факс или е-пошта:<br>тел: 3106 454<br>suzana.stoimceva @finance.gov.mk |

7. Активност:

| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | (X) Нова програма<br><br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
|---|---|---|---|

9. Цел на барањето / предложената активност:

Со донесувањето на Законот за гаранција, може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем, меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 27.100.000 евра за реализација на проектот „Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“. Реализацијата на овој проект ќе значи финансирање на одредени активности, за кои при првата фаза од Проектот за рехабилитација на хидроенергетски централи се оцени дека треба исто така да се реализираат со цел да се обезбеди максимална добивка од проектот како целина, и за кои активности недостасуваа средства (градежни работи, хидромеханичка опрема, механичка опрема и електро опрема).

10. Врска со владината програма

| 11. Фискални импликации: | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот | | | | |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | | | | |
| Капитал | | | | |
| Трансфери | | | | |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (А–Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето имликации на средствата на органот (В–Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13. Какви гаранции, заеми или | Кредитната банка за обнова – КфВ одобрувањето на | | | |

| | |
|---|---|
| други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | заемот во износ од 27.100.000 евра го условува со давање на гаранција од страна на Република Македонија. Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и АД ЕЛЕМ по проектот „Рехабилитација на шест хидроенергетски централи“ во износ од 27.100.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем. |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | |
| 15. Дата на завршување на проценката | 03.06.2010 |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | 03.06.2010 |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | 03.06.2010 |
| 18.Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 19.Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22.Одобрено/ Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________ | ______________ | ______________ | ______________ |
| потпис на државен секретар или директор на орган | ден /месец /год. | потпис на министер | ден / месец / год |

Изработил: Ленче Божиноска
Согласен: м-р Андрија Алексоски